**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-9099/6
Скопје, 8 октомври 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени проф. д-р. Весна Јаневска, министер за образование и наука и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христијан Николов, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев генерален секретар на Владата |

Предлагач: Владата на Република Северна Македонија

Претставници: проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и

д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука

Повереник: Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука

Предлог на закон
за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, по скратена постапка

Скопје, октомври 2024 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) и се врши усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни следбеници на ова министерство.

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, се врши усогласување со член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

За реализирање на овој закон нема да бидат потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон

за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност

Член 1

Во Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20, 163/21 и 64/24), во членот 45-ѓ зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за јавна администрација“.

Член 2

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од овој Предлогот на закон, во членот 45-ѓ од Законот за научно-истражувачката дејност се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Со членот 2 од Предлогот на закон, се врши усогласување на Законот со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предлагањето на Законот за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, се врши усогласување со член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) и се врши усогласување на Законот со Амандман XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 45-ѓ
Директорот на јавната научна установа, по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација, како и по претходна согласност од Министерството за образование и наука донесува годишен план за вработување во јавните научни установи за следната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.